**ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ 2022**

На 31 Мај 2022 година се одржа годишна изложба на која студентите од Технолошко-техничкиот факултет од насоката Дизајн на текстил и облека ги претставија своите дела работени во текот на изминатата учебна 2021/2022 година. Ментори кои раководеа со проектите и кои работеа со студентите беа проф. д-р Марија Ќертакова, проф. м-р Јордан Ефремов, доц. д-р Силвана Жежова. Предмети по кои се работени овие проекти се: модна илустрација, историја на облека, современа уметност и дизајн, историја и теорија на дизајн, основи на дизајн, техники на цртање, технологија за изработка на облека и практична настава. Настанот беше посетен од страна на професорите од Ликовната и Музичката Академија и Техничко-технолошки факултет, студентите од целиот Универзитет, како и од страна на реномирани уметници, ликовни педагози и културно-уметнички аналитичари и критичари.

**Link:** https://life.ugd.edu.mk/index.php/umetnost/god-izlozba-la-2022